ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-401/1
Датум: 15.01.2025
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД НА ИЗРАБОТЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА А3.3 – ЗГРАДИ ЗА ПРЕСТОЈ НА ПЕНЗИОНЕРИ, СТАРИ И НЕМОЌНИ ЛИЦА НА КП 622/1 И КП 622/2 КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А3.3 – згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на дел од КП бр.622/1 и дел од КП бр.622/2 КО Бардовци Општина Карпош, со својата местоположба припаѓа на катастарска општина Бардовци Општина Карпош.

Тој ќе ги следи северните граници од КП бр. 622/1 и КП бр.622/2 КО Бардовци, се движи по источната граница од КП бр.622/2 КО Бардовци. Од јужната страна непосредно до опфатот се наоѓа КП бр.622/11 КО Бардовци, која претставува влез и пристап до планираниот опфат, како и воедно пристап до соседни катастарски парцели.

Со планирањето на проектниот опфат и формирањето на градежната парцела, овој пристапен пат ке биде проширен до минимално можниот профил од 5,5м, во согласност со законските одредби, заради обезбедување на непречено одвивање на двонасочен сообраќај, а проширувањето ќе се изврши на јужниот дел од двете КП бр. 622/1 и КП бр.622/2 КО Бардовци. односно делови од наведените КП ќе се планираат како земјиште за општа употреба, (надвор од планираната градежната парцела) со намена Е1.1 – Сообраќајни и патни инфраструктури и тоа:

- делови од КП 622/1 и КП 622/2 долж нивните јужни граници со широчина од ≈1,55m, со што ефективно ќе се прошири постојниот пристапен пат на КП 622/11 до минимално можниот профил од 5,5m за обезбедување на непречено одвивање на двонасочен сообраќај.

Од западната страна на проектниот опфат, долж западната граница на проектниот опфат минува планирана собирна улица 13, која е планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 год.) и која како таква е доследно преземена и во важечкиот УПС Бардовци, односно согласно Извод од соседниот Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18, Општина Карпош, донесен со Одлука бр.07-656/7 од 31.01.2014г.

Според наведеното, проектниот опфат од западната страна, ќе се движи по регулационата линија од планираната собирна улица 13, односно - делот од КП 622/1 кој е зафатен со профилот на собирната улица 13, како што е планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022 и со соседниот УПС Бардовци, со овој урбанистички проект ќе се планира како земјиште за општа употреба (надвор од планираната градежна парцела), со намена Е1.1-Сообраќајни и патни инфраструктури.

Проектниот опфат е составен од новоформираната ГП со намена А3.3, и планираните Е1.1-Сообраќајни и патни инфраструктури со вкупна пворшина од 2264,40 м2 или 0,23ха.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Јавната акета за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А3.3 – згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на дел од КП бр.622/1 и дел од КП бр.622/2 КО Бардовци Општина Карпош, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веб страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/.

Јавната анкета ќе трае 15 дена, од 23.01.2025 година до 07.02.2025 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Изготвил:
Марија Л. Младеновска, диа

Одобрил:
Благица Блажевска, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски